**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 0803 – 144/6**
**Скопје, 17 – 06 - 2009 година**

**ДО**

**СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената тематска ревизија во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст Службата), која се однесува на ревизија на постојаните средства и извршениот попис на истите на крајот на 2008 година. Состојбата и промените на постојаните средства во 2008 година се прикажани на страна 9 од овој извештај.

2. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена согласно член 1, 2 и 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено тематска ревизија и не е изготвен посебен извештај за постојаните средства и пописот на постојаните средства.

4. Евиденцијата на постојаните средства во финансиските извештаи на Службата, како и извршениот попис на истите се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - Васе Доневски – директор на Службата.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 8, и да дадат мислење за наведеното од точка 1 засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03.2009 до 08.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Целта на ревизијата на овој Конечен извештај е да се утврди:
   - дали финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година вистинито и објективно ја искажува состојбата на постојаните средства во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи, а се однесуваат на набавките на постојани средства.

8. Состојбата и промените на постојаните средства во 2008 година кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка за 2008 година составена според важечките прописи во Република Македонија.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

### 10.1.1. Материјални добра и природни богатства

10.1.1.1. Службата не поседува имотен лист за земјиштето со кое располага и кое е евидентирано во Билансот на состојба, чија вредност изнесува 192.052 илјади денари, поради што не е обезбеден доказ за сопственоста, површината и вредноста на земјиштето. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истото предизвикува нереално искажување на оваа билансна позиција.

**Препорака:**

Одговорните лица во Службата да преземат мерки во обезбедување на веродостојни документи, кои се основ за сметководствено евидентирање на земјиштето и преземање активности за регулирање на имотно правниот статус со поднесување барање до Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

### 10.1.2. Материјални средства

**Градежни објекти**

Сегашната вредност на градежните објекти искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година изнесува 4.182.018 илјади денари, при што за најголем дел од нив или 80% Службата има обезбедено имотни листови и истите се воведени во билансната евиденција, додека за одделни објекти не се обезбедени имотни листови и истите се вонбилансно евидентирани.
Ревизијата констатира неправилности во сметководствената евиденција, документацијата врз основа на која се евидентирани градежните објекти и извршениот попис, што влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај – Биланс на состојба.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

10.1.2.1. Во сметководствената (билансна и вонбилансна) евиденција на Службата, во минатите години се евидентирани недвижни ствари на други државни органи, што е спротивно на Законот за располагање со стварите на државните органи, според кој секој државен орган е должен да воспостави евиденција за средствата кои ги користи. За дел од овие градежни објекти ревизијата не можеше да утврди врз основа на кои веродостојни и сметководствени документи истите се евидентирани во сметководството на Службата, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Овие неправилности ревизијата ги констатира кај следните недвижни ствари:

- ✓ Градежни објекти кои ги користат министерствата (Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи и Министерство за финансии), чија вкупна сегашна вредност изнесува 1.085.641 илјади денари, од кои 610.940 илјади денари се евидентирани во билансната евиденција, додека 474.701 илјади денари се вонбилансно евидентирани;
- ✓ Градежен објект Мала Станица со сегашна вредност од 37.950 илјади денари, евидентиран во билансната евиденција на Службата. Согласно Одлуката на Владата на Република Македонија од септември 2005 година, на Министерството за култура му престанало правото на користење на овој објект и истиот е даден на користење на Националната галерија на Македонија - Скопје. Истото е наведено во имотниот лист од 07.02.2007 година во делот „Службености и ограничувања“;
- ✓ Деловен простор Алмако со сегашна вредност од 110 илјади денари, евидентиран во билансната евиденција на Службата. Според документацијата со која располага Службата овој објект е сопственост на Народна Банка на Република Македонија, со која Службата има склучено договор за закуп на деловни простории од октомври 2003 година и истиот е наменет за потребите на Министерството за економија;
- ✓ Градежен објект Пелагонија со сегашна вредност од 237.040 илјади денари, евидентиран во вонбилансната евиденција на Службата. Овој објект во име на Република Македонија е купен од Министерството за финансии, согласно склучениот договор за купопродажба на недвижност од декември 2000 година, а за потребите на Министерството за образование и наука како Студентски дом;
- ✓ Градежен објект „Тетекс“ со сегашна вредност од 130.509 илјади денари, евидентирани во вонбилансната евиденција на Службата. Овој објект во име на Република Македонија е купен од Министерството за финансии, согласно склучениот договор за купопродажба на недвижност од февруари 2001 година, а за сместување на повеќе државни органи;
- ✓ Бараки во кругот на единиците за локална самоуправа Карпош, Чаир и Гази Баба, со сегашна вредност во вкупен износ од 68 илјади денари;
- ✓ Поранешна полициска станица во Луково, евидентирана во билансната евиденција на Службата, со сегашна вредност од 2.499 илјади денари, при што на поседовниот лист со кој располага Службата наведено е дека објектот е на Република Македонија, а корисник општина Луково- Луково;
- ✓ Хангар на аеродромот во Петровец, евидентиран во билансната евиденција, со сегашна вредност од 908 илјади денари, при што во имотниот лист со кој располага Службата наведено е дека објектот е на Министерството за одбрана;
- ✓ Градежен објект на Капетанија во Охрид, евидентирана во билансната евиденција, со сегашна вредност од 2.678 илјади денари, при што во поседовниот лист со кој располага Службата наведено е дека корисник на објектот е Капетанија на пристаниште Охрид-Охрид и
- ✓ Бараки на Судски Вештачења, вонбилансно евидентирани кои немаат сегашна вредност.



ул: “Маршал Тито” - 12/3 Овластен Државен ревизор
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

10.1.2.2. За дел од недвижните ствари, во сметководствената евиденција на Службата, ревизијата не можеше да утврди кои државни органи истите ги користат и врз основа на кои сметководствени документи овие градежни објекти се евидентирани, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- ✓ поранешни полициски станици во Кременица, Жван, Тројаци, чија вкупна сегашна вредност е 1.435 илјади денари и истите се билансно сметководствено евидентирани и
- ✓ барака на ул. Васил Ѓоргов, објект Самоков, Вила Бањац чија вкупна сегашна вредност е 8.366 илјади денари и истите се вонбилансно сметководствено евидентирани.

10.1.2.3. Ревизијата не се увери во веродостојноста на извршениот попис на недвижните ствари, бидејќи за одделни објекти не е добиен одговор за локацијата, физичката состојба и корисниците на истите, и тоа:

- ✓ поранешен центар за обука на резервни офицери во с. Ротино, поранешни воени магацини во с.Раштани, с.Другово, с.Новакова Чешма Штип, магацини во с.Владевци, работни простории на поранешниот Општински штаб за територијална одбрана Битола и зграда во кругот на Рудникот Бучим Радовиш со вкупна сегашна вредност од 81.555 илјади денари, кои се билансно евидентирани врз основа на Спогодба за примопредавање на објекти од мај 1993 година, склучена помеѓу Министерството за одбрана и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.
- ✓ поранешни полициски станици во Банско, Смоларе, Криволак со вкупна сегашна вредност од 2.620 илјади денари, кои се евидентирани во билансната сметководствена евиденција на Службата и за истите има обезбедено поседовни листови.

10.1.2.4. Во сметководствената евиденција на Службата не е евидентиран деловниот простор на бул. Кузман Јосифовски - Питу бр.17 во Скопје комплекс Трговски центар Скопјанка. Имено, согласно одлуката на Владата на Република Македонија од февруари 2008 година на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор му престанало правото на користење на овој деловен простор и истиот на неодредено време е даден на користење на Службата. Невоспоставената евиденција за овој градежен објект е поради недоставените податоци за набавната, отпишаната и сегашната вредност од Јавното претпријатие, иако одговорните лица во Службата ги презеле сите потребни активности за добивање на истите.

10.1.2.5. За репрезентативните објекти на Попова Шапка со сегашна вредност од 16.995 илјади денари, презентиран е поседовен лист каде како сопственик се јавува Електростопанство на Република Македонија, подрачна електродистрибуција Тетово. Поради тоа ревизијата не се увери во сопственичките права на Службата врз овие објекти.

10.1.2.6. За градежните објекти кои ги користи Владата на Република Македонија, репрезентативните и резиденцијалните објекти, Службата има обезбедени имотни листови, според кои објектите се запишани само во катастар на земјиште, а не и во катастар на недвижности. Од одговорните лица во Службата добиена е информација дека во 2009 година дадено е задолжение на правната служба да стапи во контакт со одговорните лица во Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, одделенијата за премер, а по потреба да се ангажираат приватни геодетски друштва со цел да се изготват стручни елаборати како би можело да се спроведе постапка за излагање на јавен увид на објектите кои се уште не се изложени и се запишани само во катастар на земјиште.

**Препораки:**

Одговорните лица во Службата да ги преземат следните мерки:

- ✓ при евидентирањето на недвижните ствари да се почитуваат одредбите од Законот за располагање со стварите на државните органи, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, при што во сметководствената евиденција на Службата да бидат вклучени само градежните објекти кои ги користи Владата на Република Македонија, а врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи;
- ✓ од сметководствената евиденција на Службата да се искнижат недвижните ствари кои ги користат други државни органи;
- ✓ да се утврди локацијата, состојбата и корисниците на објектите, добиени согласно склучената Спогодба меѓу Министерството за одбрана и Службата и оние за кои Службата има обезбедено поседовни листови;
- ✓ да се интезивираат активностите за добивање на сите потребни податоци за сметководствено евидентирање на градежниот објект во Трговски центар Скопјанка ;
- ✓ да се разјасни сопственичкиот статус на резиденцијалните објектите на Попова Шапка и
- ✓ да се продолжи со преземените активности за запишување во катастар на недвижности на репрезентативните и резиденцијалните објекти кои ги користи Владата на Република Македонија,.

**Опрема**

10.1.2.7. Во сметководствената евиденција на Службата евидентирани се 254 уметнички слики, чија вкупна вредност е проценета на 5.159 илјади денари. По извршената ревизија на пописот на уметнички слики, спроведен на крајот на 2008 година, констатирани се следните неправилности:

- ✓ не е презентиран доказ за извршен попис на 29 уметнички слики кои се наоѓаат во Министерството за надворешни работи и 22 уметнички слики кои се наоѓаат во објектите во Белград и Цавтат;
- ✓ во сметководствената евиденција недостасуваат: слика од авторот Мартиновски со назив „Свадба„ која се наоѓа во објектот вила Билјана во Охрид и 23 слики од авторите Димче Николов, Димитар Манев и Свето Манев, кои се наоѓаат во објектите вила Охрид 1 и Охрид 2 во Охрид;
- ✓ по направената споредба на извршениот попис на уметничките слики со Каталогот на уметнички дела кои се наоѓаат во Владата на Република Македонија и други државни органи издаден во 2003 година од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, ревизијата констатира дека во Каталогот има уметнички слики кои се наоѓаат во Владата на Република Македонија и Службата, а се без инвентарни броеви;
- ✓ голем број на уметнички слики од реномирани автори во сметководствената евиденција се воведени со многу ниска вредност.

Наведените состојби се спротивни на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

Недостатокот на сметководствена евиденција на уметничките слики, нереалната проценка на нивната вредност и нецелосно извршениот попис влијаат на нереално и необјективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки за целосно евидентирање на уметничките слики, утврдување на нивната реалната вредност и усогласување на сметководствената вредност со состојбата утврдена со пописот.

10.1.2.8. Во сметководствената евиденција на Службата евидентирана е опрема на повеќе државни органи, што е спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Треба да се истакне дека кај одделни државни органи во сметководствената евиденција е воспоставена евиденција на опремата, односно дел од опремата е евидентирана кај соодветниот државен орган, а дел во Службата.
Сметководственото евидентирање на туѓата опрема влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорните лица во Службата да преземат мерки за целосно пренесување на сметководствената евиденција кај корисниците на соодветната опрема и да ги достават сите потребни податоци за набавната, отпишаната и сегашната вредност на опремата до наведените органи, кои ќе бидат основ за нивно сметководствено евидентирање.

10.1.2.9. Централната комисија за попис констатирала дека голем број на основни средства – опрема која е надвор од употреба или е расходована во минатите години е сместена во одредени простории (Централниот магацин на Службата, подрумските простории на Владата на Република Македонија и гаражите на Службата), истата е несоодветно сместена и претставува пречка за извршување на квалитетен попис.

Врз основа на извршениот попис Централната комисија за попис предложила повеќе мерки за расчистување на:

- ✓ нефункционалната опрема од сметководствената евиденција со формирање на посебна комисија за расход;
- ✓ кусокот од 16 мобилни телефони кој бил утврден со завршување на безбедносниот форум на Европскиот партнерски совет (ЕАПС);
- ✓ кусокот на лап – топ, со кој било задолжено едно лице;
- ✓ воведувањето на бар кодови на опремата каде истите недостасуваат;

На ревизијата не и е презентиран доказ дека е постапено по предложените мерки од Централната комисија за попис, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во текот на ревизијата од одговорните лица во Службата добиена е информација дека формирана е вонредна комисија за попис на опрема со цел реализирање на предложените мерки од Централната комисија за попис.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

**Препорака:**

Одговорните лица во Службата да презема мерки за целосно спроведување на предложените мерки од Централната комисија за попис.

10.1.2.10. Не е презентиран доказ за извршен физички попис на опремата која е сместена во Министерството за надворешни работи, вила Бањац во Цавтат, Република Хрватска и четири стана и една резиденција во Белград, Република Србија, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Оваа опрема е евидентирана во сметководствената евиденција на Службата.
Неусогласувањето на сметководствената евиденција со состојбата утврдена со пописот, може да доведе до злоупотреба на опремата и нереално и необјективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

**Препораки:**

1) Одговорното лице во Службата при вршењето на пописот целосно да ги вклучува сите средства спгласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

2) Одговорното лице во Службата писмено да се обрати до Министерството за надворешни работи со цел да се воспостави комуникација со надлежните институции во Република Хрватска и Република Србија, за конечно разрешување на сопственичкиот статус на опремата.

**10.1.3. Законско користење на средства**

10.1.3.1. Со ревизијата опфатени се 45 набавки чија вкупна вредност изнесува 73.363 илјади денари или 98% од вкупно спроведените набавки во 2008 година. Во 23 набавки за изведување на градежни работи и набавка на опрема чија вкупна вредност изнесува 64.385 илјади денари, склучени се договори во кои е наведено дека изведувачот на работите/добавувачот има обврска да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите. Во 11 набавки со вкупна вредност од 12.130 илјади денари изведувачот на работите/добавувачот не ја исполниле својата обврска односно не доставиле банкарска гаранција. Недоставената банкарска гаранција претставува ризик да не се преземат правни дејства за надомест на средства во случај кога одредбите од договорот не се почитуваат.

**Препорака:**

Одговорните лица во Службата да водат грижа за навремено доставување на банкарски гаранции од изведувачот/добавувачот, а согласно склучените договори и законската регулатива.

10.1.3.2. Во јуни 2005 година Службата има склучено договор со една фирма за вршење стручен надзор над изведувањето на градежно-занаетчиските работи за реконструкција и адаптација на Вила Водно 1 Скопје и изградба на административниот објект Анекс на Вила 1 Скопје, во кој се констатирани контрадикторности во одделни одредби од договорот. Имено, според член 3 од договорот вкупната вредност на надзорот изнесува 2.500 илјади денари, а месечниот износ на обврската изнесува 121,5 илјади денари, со што се изведува заклучок дека работата требала да биде


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

завршена за 21 месец, спротивно од одредбите од член 4 од договорот, според кој динамиката на изведување е до завршување на објектот. Работата не била завршена според планираниот рок, а надзорот на објектите продолжил до крајот на 2007 година и цела 2008 година. Поради тоа во 2008 година исплатени се 1.580 илјади денари, при што за овие дополнителни исплати одговорните лица не презеле активности за склучување на анекс договор кон главниот договор.

**Препорака:**

Одговорните лица во Службата да водат поголема сметка во дефинирање на одредбите од договорите и да ги запазуваат основните услови кои произлегуваат од Законот за јавни набавки и Законот за облигациони односи.

11. Според наше мислење, заради наодите наведени во точките 10.1.1. и 10.1.2. финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година, невистинито и необјективно ја искажува финансиската состојба на постојаните средства.

12. Според наше мислење, освен наодите во точката 10.1.3., остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции , кои преставуваат државни расходи , а се однесуваат на набавките на постојани средства.

.

Скопје, 12/06/2009 година



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------